Macedonian

NATIONAL
**CERVICAL SCREENING**
PROGRAM

A joint Australian, State and Territory Government Program



# Водич за разбирање на **резултатите од тестот за испитување на грлото на матката**

Australian Government

# ВОВЕД





Оваа брошура ви дава информации за да ви помогне подобро да ги разберете резултатите од вашиот тест за испитување на грлото на матката.

Вашиот лекар ќе разговара со вас за вашите резултати и за следните чекори.

Важно е веднаш да појдите на лекар ако во било кое време имате симптоми, како што се абнормално вагинално крварење, болка или исцедок.



# ТЕСТ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

Новиот тест за испитување на грлото на матката е сличен на Пап тестот. Новиот тест за испитување на грлото на матката се базира на најновите медицински и научни докази и е поефикасен во пораното откривање на вирусот што предизвикува абнормалности на грлото на матката.

Сега подобро се разбира како се развива ракот на грлото на матката. Ракот на грлото на матката е редок и обично на вирусот, што ги предизвикува повеќето преканцерозни абнормалности, му треба 10 или повеќе години за да ги развие во рак на грлото на матката.

Се очекува дека промените во националната Програма за испитување на грлото на матката (National Cervical Screening Program) ќе заштитат до 30% повеќе жени од рак на грлото на матката.

## Што открива тестот за испитување на грлото на матката?

Тестот за испитување на грлото на матката ја бара вообичаената инфекција со хуман папилома вирус (ХПВ) во клетките на грлото на вашата матка.

**ХПВ е толку вообичаен што многу луѓе го имаат во некој момент во својот живот и никогаш не го знаат тоа затоа што обично нема симптоми.**

## Што е ХПВ?

Постојат многу видови на ХПВ инфекции, и повеќето ги отстранува, по природен пат, имунолошкиот систем на телото за една до две години без да предизвикаат проблеми.

ХПВ е многу честа инфекција која се шири преку контакт на генитална кожа-со-кожа за време на сексуална активност. ХПВ е толку вообичаен што многу луѓе го имаат во некој момент во својот живот и никогаш не го знаат тоа затоа што обично нема симптоми.

Во ретки случаи, некои видови на ХПВ инфекција, кои не се отстранети од телото, можат да предизвикаат абнормални промени на клетките на грлото на матката.



# РЕЗУЛТАТИ ОД ТЕСТОТ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

## Што значи резултатот од мојот тест?

Вашиот лекар ќе разговара со вас за резултатите од тестот за испитување на грлото на матката.

Можните резултати вклучуваат:

- Повторно тестирање за пет години
- Повторување на ХПВ тестот за 12 месеци
- Упатување на специјалист
- Незадоволителен резултат од тестот

### Повторно тестирање за пет години

Резултатите од вашето испитување покажуваат дека немате ХПВ инфекција.

Националната Програма за испитување на грлото на матката ќе ви испрати покана за да го направите вашиот следен тест за испитување на грлото на матката за пет години. Најновите медицински и научни доказни материјали покажуваат дека можете безбедно да се вратите на повторно тестирање за пет години.

### Повторување на ХПВ тестот за 12 месеци

Резултатите од вашето испитување покажуваат дека не ви треба дополнително испитување, но треба повторно да направите тест за 12 месеци.

Ова е затоа што имате инфекција со ХПВ која најверојатно ќе биде исчистена од вашето тело во следните 12 месеци.

Со повторниот тест после 12 месеци се проверува дали инфекцијата е отстранета и дали е безбедно повторно да одите на испитување секои пет години.

Ако повторниот тест покажува дека ХПВ инфекцијата е отстранета, тогаш можеби ќе треба да отидете на дополнително испитување кај специјалист. Ова не значи дека сте добиле рак. По инфекција со ХПВ потребно е околу 10 да 15 години за да се развие рак на грлото на матката, и ракот на грлото на матката е редок исход.

## Упатување на специјалист

Резултатите од вашето испитување покажуваат дека имате вид на ХПВ инфекција која бара понатамошно испитување од специјалист или тестот покажал дека имате абнормалности кои бараат лекување.

Ова не значи дека сте добиле рак. По инфекција со ХПВ потребно е околу 10 до 15 години за да се развие рак на грлото на матката, и ракот на грлото на матката е редок исход.

Ќе бидете упатени на специјалист за понатамошен тест познат како колпоскописки тест (видете под “Што е колпоскопија” за повеќе информации).

Многу е важно да ги следите упатствата од вашиот лекар ако добивте ваков резултат од тестот.

## Незадоволителен резултат од тестот

Незадоволителен резултат од тестот не значи дека нешто не е во ред. Незадоволителен резултат значи дека вашиот примерок не можи правилно да се прочита и важно е да се повтори тестот за шест недели.

Незадоволителен резултат од тестот се јавува кога вашиот примерок не може правилно да се прочита од страна на лабораторијата. Постојат многу причини зошто ова се случува, како на пример, бројот на собраните клетки бил премногу мал.

Ако се откријат рано, абнормалностите обично можат да се лекуваат лесно и успешно. Ако не се лекуваат, постои поголема можност за развој на рак на грлото на матката.

Испитувањето на грлото на матката има за цел да спречи појава на рак на грлото на матката. Разговарајте со вашиот лекар ако сте вознемирени или загрижени за вашиот резултат.



**Ако се откријат рано, абнормалностите обично можат да се лекуваат лесно и успешно. Ако не се лекуваат, постои поголема можност за развој на рак на грлото на матката.**



**Испитување на грлото на матката има за цел да спречи појава на рак на грлото на матката. Разговарајте со вашиот лекар ако сте вознемирени или загрижени за вашиот резултат.**



# ШТО СЕ СЛУЧУВА КОГА СТЕ УПАТЕНИ НА СПЕЦИЈАЛИСТ?

Во зависност од вашиот резултат, вашиот лекар може да ве упати кај специјалист за натамошни испитувања. Следните информации ги објаснуваат некои од постапките и лекувањата.

## Што е колпоскопија?

Колпоскопија е преглед на грлото од матката. Во текот на прегледот, специјалистот ќе користи апарат наречен колпоскоп, кој личи на двоглед поставен на носач, кој дава зголемена слика на грлото од матката и вагината. Колпоскопијата ја врши специјалист, обично гинеколог. Вашиот лекар може да ви помогне да одлучите кај кого да одите на колпоскопија.

### Како се прави колпоскописки тест?

Кога ќе дојдите на преглед, можете да поставите колку што сакате прашања во врска со тестот. Побарајте од специјалистот да ви објасни што прави во текот на прегледот, ако тоа ви биде од помош.

За да ви се направи колпоскописки тест, од вас ќе биде побарано да легнете на креветот за преглед со нозете потпрени во слична положба како кога правите тест за испитување на грлото на матката. Како и при тестот за испитување на грлото на матката, специјалистот ќе внесе инструмент (спекулум) за ширење во вагината. Специјалистот потоа ќе стави специјална течност на грлото на вашата матка за да се истакнат било какви абнормални појави.

Специјалистот потоа ќе гледа низ колпоскопот и внимателно ќе го испита грлото на вашата матка. Самиот колпоскоп не продира во телото.

Овој преглед обично трае 10 – 15 минути и повеќето луѓе не чувствуваат никаква болка. Меѓутоа, може да почуствувате мала нелагодност од присуството на спекулумот во вагината.

Побарајте од вашиот специјалист да ви објасни што значи ако се пронајди нешто за време на прегледот.

## Што е биопсија?

Ако делови од грлото на матката изгледаат абнормални за време на колпоскопијата, може да се земе мал примерок на ткиво (биопсија) од било кој абнормален дел од грлото на матката. Овој примерок ќе биде испратен во лабораторија за тестирање.

Може да поминат и до две недели додека резултатите од вашата биопсија му се вратат на вашиот лекар. Треба да закажете преглед со вашиот лекар за да разговарате за резултатите и за лекување (ако е потребно).

Ако имате биопсија, може да чувствувате болка за кратко време. Избегнувајте напорно вежбање 24 часа по биопсијата и најдобро е да се избегнува сексуален однос еден до два дена. Можете да се туширате, меѓутоа избегавајте пливање, капење и бањи еден до два дена.

Овие мерки на претпазливост го намалуваат ризикот од крварење и/или инфекција. Може да имате малку исцедок и “дамки“ (‘spotting’) неколку часа по прегледот, па затоа е добра идеја на прегледот да си понесете тенка санитарна влошка или самолеплива влошка.

## Лекување на абнормалности

Ако се пронајде абнормалност за време на вашата колпоскопија, може да биде потребно понатамошно лекување. Вашиот лекар ќе разговара со вас за тоа кои можности за лекување се најсоодветни за вашите лични околности.

Можностите за лекување може да вклучат отсекување со жичена јамка, ласерска или конусна биопсија. Следните делови даваат кратко објаснување за секоја од овие можности за лекување.

### Отсекување со жичена јамка

Во текот на оваа постапка, абнормалните клетки се отстрануваат од грлото на вашата матка со жичена јамка. Постапката трае 15 – 30 минути. Повеќето жени ја имаат оваа постапка со локална анестезија, но некои имаат потреба од општа анестезија. Ако се советува или претпочита општа анестезија, може да биде потребен еднодневен престој во болница.

### Ласерска биопсија

Ласерското лекување ги отстранува абнормалните клетки со користење на топлина од ласерски зрак. Постапката трае 15 – 30 минути. Повеќето жени ја имаат оваа постапка со локална анестезија, но некои имаат потреба од општа анестезија. Како и кај постапката со жичена јамка, ако се советува или претпочита општа анестезија, може да биде потребен еднодневен престој во болница.

### Конусна биопсија

При оваа помала операција се отстранува конусен дел од грлото на матката кој ги содржи абнормалните клетки. Вообичаено е потребна општа анестезија и исто така може да биде потребен еднодневен престој или преноќување во болница за опоравување.

Оваа операција се препорачува кога абнормалните клетки се повисоко во каналот на матката и/или ги напаѓаат жлезདените клетки. Жлездените клетки се јавуваат повисоко во каналот на матката.

Забелешка: После било кој облик на лекување на абнормалности не треба да пливате, користите тампони или да имате вагинален сексуален однос три до четири недели се додека каналот на матката не заздрави. Треба да се избегнуваат напорни вежби седум до десет дена затоа што ова го зголемува ризикот од крварење и инфекција.

**Многу е важно да ги следите упатствата од вашиот лекар.**



# НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

## Дали лекувањето ќе влијае на моите шанси да забременам?

Некои видови на лекување како што се а конусната биопсија или отсекувањето со жичена јамка може да го ослабат грлото на матката. Додека сеуште е можно да забремените, можеби ќе треба да се вметне бод во грлото на матката за да се зајакне и намали ризикот од спонтан абортус. Важно е да го известите вашиот лекар за секое едно лекување на грлото на матката што сте го имале во минатото.

## Како добив ХПВ?

Хуман папилома вирусот (ХПВ) е многу честа инфекција која се шири преку контакт на генитална кожа-со-кожа за време на сексуална активност. Можете да бидете изложени на ХПВ кога првпат ќе имате сексуална активност, и тоа само со еден сексуален партнер.

Повеќето луѓе ќе имаат ХПВ инфекција во некој момент во нивниот живот, но телото обично го отстранува вирусот. Вирусот е толку вообичаен што може да се смета за нормален дел од сексуалната активност.

Кондомите можат да обезбедат некоја заштита од ХПВ, но тие не ја покриваат целата генитална кожа. Времето од инфекција со ХПВ до добивање на рак на грлото на матката обично трае 10 – 15 години.

## Можат ли лезбејките, хомосексуалците (Геј), бисексуалците, транссексуалците и интерсексуалците (ЛГБТИ) исто така да го добијат вирусот?

Да, секој еден кој се впушта во контакт на генитална кожа-со-кожа со лице од било кој пол, може да биде заразен со ХПВ.

## Дали треба да избегнувам да имам секс ако имам ХПВ?

Нема причина да престанете да имате секс ако тестот за испитување на грлото на матката покажува ХПВ.

ХПВ вирусот е многу чест и не постои начин да се знае дали вашиот партнер во моментот има или го имал овој вид на вирус, бидејќи во најповеќето случаи телото е способно да го отстрани вирусот без вирусот да предизвика некакви проблеми.

## Дали треба да му кажам на мојот партнер дека имам ХПВ?

Затоа што вирусот може да се скрие за долго време, да се има ХПВ не мора да значи дека вие или вашиот партнер сте биле неверни. ХПВ може да остане неактивен долго време. За повеќето луѓе неможно е да се знае кога или од кого биле инфицирани со ХПВ.

ХПВ, исто така, може да предизвика генитални брадавици и други видови рак, како анален, вагинален, орофарингеален (на грлото), рак на вулвата (срамницата кај жените) и рак на пенисот. Ако имате ХПВ, можете да изберете да разговарате за ова со вашиот партнер. Дали ќе зборувате со вашиот партнер за резултатите од тестот за испитување на грлото на матката е сосема ваша одлука..

Ако сте загрижени дека можете да му го пренесете ХПВ на вашиот партнер, разговарајте со Вашиот лекар за понатамошен совет.

## Како се лекува ХПВ?

Не постои лекување за ХПВ. Во повеќето случаи, со текот на времето, имунолошкиот систем го чисти ХПВ од телото по природен пат и нема долготрајни ефекти. Повеќето луѓе со ХПВ немаат симптоми и никогаш нема да знаат дека го имаат. Промените на клетките на грлото на матката предизвикани од ХПВ и пронајдени со тестот за испитување на грлото на матката треба да се следат со понатамошно тестирање, и, ако е потребно, да се лекуваат.

Генитални брадавици предизвикани од некои видови на ХПВ може да ги лекува лекар.

## Можам ли повторно да се инфицирам со ХПВ?

Постојат различни видови на ХПВ вирус. Откако еднаш ќе бидете изложени на еден вид на ХПВ, веројатно нема да бидете повторно инфицирани со истиот вирус, бидејќи телото обично станува имуно на тој вид на вирус. Меѓутоа, вирусот може да остане неактивен во вашето тело и многу години подоцна може повторно да стане активен. Па дури и ако повеќе не сте сексуално активни, или имате само еден сексуален партнер, треба да продолжите со испитувањата.

## Имав ХПВ вакцина. Можам ли сеуште да добијам ХПВ инфекција?

Да. Дури и ако сте имале ХПВ вакцина треба да имате редовни тестови за испитување на грлото на матката. Постојат многу видови на ХПВ и ХПВ вакцината не ве штити од сите нив. Можеби веќе сте биле изложени на ХПВ преку сексуална активност пред да ја имавте вакцината. ХПВ вакцината не заштитува од ХПВ инфекции на кои веќе сте биле изложени.

## Дали треба да имам ХПВ вакцина?

ХПВ вакцината најдобро функционира ако е дадена пред да се изложите на ХПВ, пред да бидете сексуално активни. Ако веќе сте биле изложени на ХПВ, придобивките од вакцината може да бидат намалени.

Во Австралија, ХПВ вакцината им се дава на адолесцентите преку училишната програма за имунизација и е одобрена за употреба кај жени на возраст од 9 – 45 години и кај мажи на возраст од 9 – 26 години. Разговарајте со вашиот лекар во врска од индивидуалната полза за вас. Вакцината може да се купи вон финансираната училишна програма; вашиот лекар може да ви наплати дополнителен надомест за консултација. Во моментов се препорачуваат три дози од вакцината.

Вакцината е безбедна и заштитува од два вида на ХПВ (тип 16 и 18) кои предизвикуваат околу 70 проценти од рак на грлото на матката, како и некои облици на анален, вагинален, орофарингеален, рак на вулвата и рак на пенисот. Исто така, таа штити од два неканцерогени предизвикувачки видови на ХПВ кои предизвикуваат и до 90 проценти од гениталните брадавици.

## КАДЕ МОЖАМ ДА ДОБИЈАМ ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ?

**Доколку англискиот не ви е прв јазик, и ви треба помош, ве молиме јавете се во Службата за писмено и усмено преведување на 13 14 50. Ќе ве чини исто колку локален телефонски повик.**

### НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

Ако сакате да дознаете повеќе за испитувањето на грлото на матката и да разберете како работи програмата во Австралија, посетете ја веб-страницата на Националната Програма за испитување на грлото на матката или телефонирајте на **13 15 56**.

www.cancerscreening.gov.au/cervical

### НАЦИОНАЛЕН РЕГИСТЕР ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА РАКОТ (NATIONAL CANCER SCREENING REGISTER)

Ако сакате да ги обновите вашите податоци за контакт и да проверите кога е вашиот следен тест за испитување на грлото на матката, ве молиме јавете се на **1800 627 701**.

Националната програма за испитување на грлото на матката (National Cervical Screening Program) е заедничка австралиска, државна и територијална владина програма.

### НАЦИОНАЛЕН РЕГИСТАР ЗА ХПВ ВАКЦИНА

Ако треба да проверите дали веќе сте ја имале ХПВ вакцината, вклучувајќи колку дози сте примиле, ве молиме посетете ја веб-страницата на Националениот регистар за ХПВ вакцина или јавете се на 1800 478 734.

www.hpvregister.org.au